# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# за 2013 година

Скопје, Април 2014

# Прочитајте

I. За Конект ........................................ 2
II. Конект во 2013 низ бројки ........................................ 3
III. Проект за олеснето донирање и волонтирање ........................................ 4
Волонтерството кај нас........................................ 5
IV. Конект со бизнис секторот........................................ 7
Училишен проект на ЕВН Македонија ........................................ 7
Спроведување на Декларацијата за ООП на АД ЕЛЕМ ........................................ 8
Јавната политика и бизнис секторот........................................ 8
V. Конект за граѓанскиот сектор ........................................ 9
Мобилизирање на средства од бизнис секторот ........................................ 9
VI. Конект поврзува........................................ 10
Кризен центар Надеж и РеМедика ........................................ 10
Со Лице в Лице за кревање на свеста........................................ 11
Донаторски календар........................................ 12
VII. Го шириме кругот ........................................ 13
Студиска посета на Partners Albania........................................ 13
CSR Forum Belgrade ........................................ 13
VIII. Глобален договор на Обединетите нации ........................................ 14
Известување за вклученост ........................................ 14

# I. За Конект

Конект е здружение на граѓани што од јуни 2008 фокусирано работи на промоција и унапредување на филантропијата и општествената одговорност на претпријатијата.

Веруваме дека Македонија има потенцијал да се развива потпирајќи се на локални ресурси и капацитети. Нашата мисија е поттикнување и промовирање на приватното донирање и општествената одговорност насочено кон ефективен и долгорочен развој на Македонија. Кога ООП се интегрира во бизнис стратегијата, му овозможува на претпријатието зголемена продуктивност, иновативност и долгорочен одржлив развој.

Како ја оствaруваме мисијата?

- Ги поттикнуваме на поединците и семејствата да донираат мудро и обмислено;
- Ги поддржуваме деловните субјекти, без оглед на големината, да донираат и вложуваат во заедницата стратешки и со долгорочно влијание;
- Ги поттикнуваме на луѓето насекаде низ Македонија да ги осмислат своите донации – и малите донации кога се здружени можат да променат многу;
- Ја подигнуваме свеста за потенцијалот на филантропијата и општествената одговорност да постигне вистинско влијание во општеството.
- Ја промовираме, поттикнуваме и поддржуваме општествената одговорност на претпријатијата.

Што правиме?

- директни консултации и услуги на претпријатијата, поединците и нивните семејства;
- застапување за законска рамка и опкружување кое ќе ја поттикнува филантропијата и општествената одговорност на претпријатијата;
- анализи, истражувања и подготовка на извештаи;
- споделување на добри практики и споредбени искуства;
- поддршка на непрофитните субјекти (здруженија на граѓани, фондации, јавни институции итн) за тоа како да бидат доверливи приматели на донации;
- поддршката во градењето на суштински и продуктивни меѓусекторски партнерства помеѓу претпријатијата и непрофитните организации, јавните институции и заедниците.

Конект е:

- Секретаријат на Македонската мрежа на глобалниот договор на Обединетите нации[1];
- Контакт центар на Регионалната мрежа за ООП на мали бизниси во Централна, Јужна и Источна Европа формирана од UNIDO[2];
- Заменик член на Националното координативно тело за ООП на РМ;
- Членка на Националниот совет за развој на волонтерството;
- Членка на Американската стопанска комора во Македонија (AmCham)

[1] United Nations Global Compact
[2] United Nations Industrial Development Organization

## II. Конект во 2013 низ бројки

Во 2013 допревме до **130** граѓански организации и над **40.000** граѓани. Координиравме проект што вклучи **621** ученик во **27** основни училишта од **20** општини. Продуциравме **3.000** примероци на печатен материјал, **1** нова интернет страница и **1** истражување за кое го испитавме мислењето на **69** правни лица и **231** граѓанин. Издадовме **1** водич и проследивме 4 документи за застапување и лобирање. Остваривме над **800** комуникации со заинтересирани за поддршка од претпријатија. Следевме имплементација на **50** проекти на граѓански организации. Организиравме **3** настани, а учествувавме на **4** меѓународни. Јавно предложивме **12** идеи за донирање. Се стремиме кон повеќе ...







Погледнете го деталниот извештај на Конект на следниов <<ЛИНК>>

# III. Проект за олеснето донирање и волонтирање

Во текот на 2013 Конект во соработка со Интернационалниот центар за непрофитно право (ИЦНЛ) во спроведе проект којшто возможи поддршка во воспоставувањето на ефективна рамка за политиките што се однесуваат на филантропијата во Македонија. Проектот беше поддржан од УСАИД преку LEEP (Legal Enabling Environment Program) и Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (СИДА).

Проектот претставуваше надоврзување на активностите на Конект и Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) во рамки на иницијативата за измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (ЗДСЈД) и направената анализа од неговото спроведување објавена во 2012 година. Успеавме повторно да го кренеме интересот за измени на законот и да се обнови процесот што стагнираше преку: заеднички активности на засегнатите страни за застапување; обнова на интересот на институциите; кревање на јавната свест во врска со важноста на донирањето и измени на законот; и зголемување на знаењето за споредбените искуства во врска со регулативата што влијае на прибирањето средства.

Ова го постигнавме на следниот начин:

- Воспоставивме заедничка платформа застапување меѓу граѓанскиот и бизнис секторот;
- Детално информиравме **130 граѓански организации** за иницијативата за менуваање на ЗДСЈД ;
- Инициравме потпишување на заедничка Изјава за измени на ЗДСЈД од страна на **20 граѓански организации** и една стопанска комора што претставува **90 претпријатија**. Изјавата ја пративме до сите релевантни институции;
- Креиравме документ што јасно ги претставува различните решенија за измени на ЗДСЈД **од аспект на институциите** и го пративме до клучните носители на одлуки барајќи повратни информации;
- Ја искористивме можноста преку Одделението за соработка со невладините организации да пратиме **предлог до Владата** да ги вклучи измените на ЗДСЈД во Годишната програма за 2014;
- Креиравме резиме на анализата во вид на **осврт за јавните политики** (policy brief);
- Пративме писмо до сите 123 пратеници во Собранието и баравме да постават пратеничко прашање. Прашање беше поставено до Министерот за правда;
- Објавивме **3 интервјуа** со претставници на различни засегнати страни што илустрираа зошто се важни измените на ЗДСЈД.
- Поделивме **3.000 обележувачи за книги** наменети за индивидуалци и претпријатија кревајќи ја свеста за потребата од измени на ЗДСЈД и важноста за донирањето.
- Спроведовме интернет кампања „Придружи се. Испланирај. Донирај." и преку социјалните медиуми допревме до над **25.000 граѓани.**
- Се изготви компаративна анализа на регулативата што се однесува на прибирање на средства.

Законот за донации и спонзорства во јавните дејности беше изменет на почетокот на 2014 година, а некои измени се во согласност со препораките за коишто ги дадовме и за кои се залагавме.







## Волонтерството кај нас

Волонтирањето е особено важен ресурс и претставува чин на индивидуална филантропија. Од таа причина истото беше опфатено од проектот. Во 2013 се спроведе Анализата на спроведувањето на Законот за волонтерство во рамки на која се анкетираа 69 правни лица и 231 граѓанин од кои 203 имале искуство со волонтирање. Анализата беше презентирана пред засегнатите страни потврдувајќи ја полезноста на Законот и идентификувајќи предизвици во пооделните сегменти на законот.




Инфографик според анализата објавен во седмиот број на „Лице в Лице“

Како да разликуваме што е, а што не е волонтирање? Дали е задолжително надоместувањето на трошоците? Дали законот треба да го применуваат и неформални групи на граѓани? Ова се прашања што често ги поставуваат организаторите на волонтерска работа, додека волонтерите ги интересира: Дали и како ќе ми се признае волонтерското искуство? Каде и како да набавам волонтерска книшка? За да се обезбедат разбирливи одговори на овие и многу други прашања, Конект ја креираше **Водич низ галаксијата волонтерство** достапен на [konekt.org.mk/volonterstvo/](konekt.org.mk/volonterstvo/) . На едноставен и разбирлив начин се одговорени најчесто поставените прашања и достапни се сите потребни ресурси. Страницата е интерактивна, и продолжуваме да бидеме достапни за одговор на сите дополнителни прашања.



## IV. Конект со бизнис секторот

Согласно нашата мисија и експертиза, наш приоритет е да постигнеме ефикасно и долгорочно општествено влијание на претпријатијата. Преку специјализирани решенија или постоечки добри практики им помагаме на фирмите да идентификуваат конкретните цели, стратегии и програми за успешна филантропија и ООП.

### Училишен проект на ЕВН Македонија

Учебната 2013/2014 е седма по ред во којашто се спроведува Училишниот проект на ЕВН Македонија што го координира Конект, а се имплементира од Центарот за енергетска ефикасност на Македонија (МАЦЕФ) од Скопје, Младински совет Охрид, Жетва на знаење од Прилеп и Еколошко друштво Планетум од Струмица. Проектот е доказ за тоа дека поврзувањето на ресурсите и целите на претпријатието, во синергија со знаењето и поврзаноста на невладиниот сектор со заедниците, поттикнува позитивни промени во општеството. Во прамки на проектот до сега над 35.500 ученици низ земјава го зголемија своето знаење за: електричната енергија; различните видови и извори на енергија; мерките за заштита; потребите и начините за штедење на електрична енергија итн. Дополнително, проектните активност овозможуваат учениците да го применат здобиеното знаење за да ја зголемат свеста во нивните заедници.

**Постигнувања**

Учебна 2012/2013

- Формирани **15** секции во основни училишта од **12** општини
- Инволвирани **326** ученици

Учебна 2013/2014

- Формирани **12** секции во основни училишта од **8** општини;
- Инволвирани **295** ученици



Секоја учебна година концептот на проектот се изменува и дополнува согласно искуствата од претходниот циклус. Во 2013 се обновија и се креираа нови проектни материјали меѓу кои за прв пат во земјата се издаде и Прирачник за развивање и водење кампања наменет за основци. Во учебната 2012/2013 за прв пат се одржа летен камп кој опфати средношколци кои добија знаење за енергетската ефикасност и ги изработија игрите за квизот на којшто учествуваат сите формирани секции. Во учебната 2013/2014 кампот прераснува во летна школа проширувајќи го опфатот. Конкурси што ги мотивираат и одржуваат претходно формираните секции беа дел од концептот и во 2013.

## Спроведување на Декларацијата за ООП на АД ЕЛЕМ

Согласно Декларацијата за општествена одговорност на АД ЕЛЕМ, компанијата по пат на отворени повици одлучува за финансирање на проекти што се во согласност со основните постулати и приоритети. Воведувањето на овој системски приод со поддршка на Конект овозможува транспарентност во доделувањето на поддршката и еднаков пристап за сите заинтересирани граѓани и непрофитни организации. Конект е задолжена за администрација на јавните повици и следење на имплементацијата на поддржаните проекти.

Во мај 2013 беше објавен Јавениот повик бр. 1/13 за прибирање на апликации за распределба на средства согласно Декаларацијата на АД ЕЛЕМ. Беа примени 296 апликации, а компанијата поддржа 50 проекти во областите: здравство и здравствена заштита; социјална заштита; спорт; екологија; култура и уметност; образование и наука; и развој на граѓанското општество. Преку ваквиот приод во корпоративната филантропија, придонесуваме за развивање на инфраструктура за поддршка на граѓанските организации од деловниот сектор која е од особено значење за нивната одржливост.

### Постигнувања

Јавен повик 1/13

- Администрирани **296** апликации
- Над **800** комуникации со потенцијални апликанти
- Следење на имплементацијата на **50** проекти
- Над **60** средби со приматели

## Јавната политика и бизнис секторот

Начинот на кој бизнис секторот се вклучува во во креирањето на јавните политики е важен сегмент на општествената одговорност. Градењето на капацитетите на бизнисите, а особено на стопанските комори и бизнис здруженијата како нивни застапници, претставува неопходност за соодветен јавно-приватен дијалог во процесот на креирање политики. Во рамки на проектот IDEAS на УСАИД, Извршната директорка на Конект во 2013 ја понуди својата екпертиза и искуство во доменот на застапување. Одржаната дводневна обука во Гевгелија опфати 12 претставници на стопанските комори и организации на работодавачи во Македонија да креираат и застапуваат за предлог политики. Ваквите вештини претставуваат основна алатка во процесот на застапување и дијалог за политики со јавниот сектор.

## V. Конект за граѓанскиот сектор

Го делиме нашето знаење со секторот во којшто припаѓаме. Веруваме дека граѓанските организации се природниот партнер на граѓаните и бизнис заедницата преку која тие можат да извршат промена во заедниците во кои живеат и делуваат. Нашата работа е насочена кон креирање на услови за одржлив развој на граѓанските организации и градење на нивните капацитети за поврзување со локалните донатори и поддржувачи.

### Мобилизирање на средства од бизнис секторот

Проектната канцеларија на ТАКСО организираше информативни семинари со наслов *„Соработка и мобилизирање ресурси од бизнис-секторот“* на кои Конект го сподели своето знаење и искуство во оваа област. Се одржаа три семинари во Струга, Штип и Скопје.

На семинарите се зборуваше за потенцијалот за прибирање на средства од бизнис-секторот, искуствата на македонските граѓански организации во градење на партнерства со бизнисите и изнаоѓање на корпоративни донатори. Се разгледа и другата страна: како бизнис-секторот ги перципира граѓанските организации? Присутните научија кои се клучните елементи за успешно прибирање средства и која е разликата во мобилизирање ресурси од големите компании и малите и средните претпријатија.

Како надополнување, од 29 до 30 април во Струмица се одржа работилница на која 20 граѓански организации имаа прилика да навлезат подлабоко во темата и да разработат сопствени стратегии за пристап до локални корпоративни донатори што во иднина ќе им овозможи ефективно да соработуваат и мобилизираат ресурси. Во рамки на семинарите и работилницата своето знаење го надградија околу 130 претставници на граѓански организации.

## VI. Конект поврзува

Во нашето работење, особено внимание посветуваме на градењето на суштински и продуктивни меѓусекторски партнерства помеѓу претпријатијата и непрофитните организации, јавните институции, заедниците и индивидуалците. Веруваме дека ова е единствен начин за градење на вистински позитивни промени.

### Кризен центар Надеж и РеМедика

Логичен е спојот на „РеМедика“ и Кризен центар „Надеж“. Природно е првата приватна болница и организацијата што со години пронаоѓа и пружа поддршка на жртви од семејно насилство да соработуваат и заеднички да работат на препознавање и сузбивање на оваа појава. Во 2013 разговаравме со нив и одржавме заедничка средба за време на која нештата што ги поврзуваат беа повеќе од очигледни. Како резултат, потпишаа Меморандум за соработка што вклучува заеднички активности за превенција и справување со последиците од семејното насилство. Од тогаш материјалите со информации за кревање на јавната свест и услугите што се нудат преку SOS линијата на Надеж можат да се најдат во РеМедика. Сигурни сме дека соработката ќе продолжи. Еве што велат тие за нивното партнерство и за нас како посредници.

*„Соработката со Ре-Медика што започна во 2013 е од суштинско значење во насока на зајакнување на нашата организација. Добивме многу значаен партнер од бизнис секторот кој е подготвен да се вклучи во заштита на жените жртви на семејно насилство и во активностите за менувањето на уверувањата и ставовите што генерираат насилствотото, а постојат во нашата заедница. Клучни моменти во остварувањето на соработката беа првичното поврзување и чекорите кои водеа од заинтересираност до конкретни активности. Во тие моменти покрај нас го имавме тимот на Конект.“*

**Верка Угриновска**
*Претседател*
Кризен центар „Надеж“

*„Во 2013 склучивме меморандум за соработка со Здружението – кризен центар „Надеж“ дефинирајќи ги нашите точки на поврзување и можностите за соработка. На тој начин го потврдивме нашето верување во партнерствата помеѓу граѓанскиот и корпоративниот сектор. Имајќи ја предвид специфичноста на дејноста на кризниот центар, посредсвото и ангажманот на „Конект“ беше од исклучителна важност. Ентузијазмот на персоналот на Кризниот центар „Надеж“ , нивната самопожртвуваност во однос настојувањето да се помогне на жртвите и нивниот професионализам , за што имавме можност да се увериме, нè мотивираат за понатамошно продлабочување на соработката. За нас претставува големо задоволство што имаме во нашата средина еден двигател на општествено одговорните практики како што е „Конект“.“*

**Елица Јорданова**
*Директор*
ПЗУ РеМедика

## Со Лице в Лице за кревање на свеста

„Лице в лице“ се наши пријатели од нивното основање. Не пропуштаме прилика да информираме за уличното списание кое го промовира моделот на социјално претприемништво. Продавачи на „Лице в лице“ се наши маргинализирани сограѓани. Тие добиваат половина од цената на списанието.

Во рамки на магазинот Конект придонесува со креирање содржини на теми што се поврзани со општествената одговорност и филантропијата. На тој начин во 2013, низ шесте издадени броја, успеавме да информираме и да ја кренеме свеста на над 15.000 граѓани. Во 2013, Конект обезбеди пристап на Лице в лице до корпоративните донатори преку своето членство во Американската стопанска комора. Како резултат се организираше донаторска вечера во чест на продавачите на магазинот. Со Лице в лице продолжуваме да обмислуваме заеднички иницијативи и проекти во многуте теми што не поврзуваат. Еве што велат тие за нашето партнерство:




*„Кога добрата иницијатива ќе биде препознаена при нејзиното раѓање, тогаш таа добива шанса за успешен развој. Важен чинител во приказната на „Лице в лице“ беше „Конект“ кој уште од самиот старт ја препозна визијата зад иницијативата и застана зад неа. Оттогаш континуирано придонесува во нејзиното градење- и со добриот пример каков треба да биде односот со продавачите, и со текстовите на тема општествена одговорност и социјално претприемаштво, а најмногу со ширење на идејата меѓу корпоративниот свет. Кругот на добрата соработка со Американската стопанска комора го отвори „Конект“ и истиот се шири благодарение на заедничките напори на Комората, „Конект“ и на тимот на „Лице в лице“. Важно е да се има добра идеја, но уште поважно е колку чинители ќе се здружат околу единствената цел и како ќе придонесат во нејзината реализација на долги патеки. „Конект“ секогаш ги одбира трките на долги патеки и да си во нивно друштво значи дека си на добар пат.“*

**Климентина Илиевски**
*Извршен директор*
Центар за медиумски активности

## Донаторски календар




Со малку може да сторите многу! Нашиот донаторски календар во соработка со Теа Модерна беше објавен на почетокот од 2013та. Низ целата година го користевме како потсетник со идеи за индивидуални филантропи. Пренесовме 12 убави идеи за секој месец промовирајќи околу 15 граѓански организаци, мрежи и јавни установи како одговорни приматели. Целта на донаторскиот календар е да покажеме дека со одвојување на малку средства и време, секој од нас може да направи промена. За ефектот ни раскажа еден индивидуален донатор и мрежа на граѓански организации.

*„Работам како превозник. Во период кога работата слабо одеше,на facebook се сретнав со донаторскиот календар на Конект. Ете можност да дадеш за да ти се врати со добро. Таму стоеше дека донација 1220 денари на „Отворете ги прозорците“ е доволна едно дете со хендикеп да учи да користи компјутер. Решив наредните возења со толкава заработка да го наменам за добро дело. Се чувствував исполнето откако ја пополнив уплатницата и повеќе не мислев на тековните проблеми. По подолг период ми се јавија за да ми се заблагодарат. Тие поретко ја проверувале таа сметка зашто донациите од индивидуалци кај нас биле исклучок, а не правило. Тоа зачудува бидејќи голем дел од нас имаат можност да издвојат мала сума и да ја вложат во поголеми цели.“*

**Александар Стевановски**

*„Во рамки на донаторскиот календатр за 2013 зо месец март стоеше: „27ми е Светскиот ден на театарот. Подарете билети на лица што се социјално загрозени. Во Македонската платформа против сиромаштија знаат кој би уживал во ова, а нема можност.“*

*Конект нѐ поттикна покрај индивидуалните донации на карти за театрите да стапиме во контакт и со институциите односно со Драмски театар од Скопје и Театарот за деца и младинци. Овие две институции беа воодушевени од изработката на ваквиот календар и секако им отворија врати на лицата кои живеат во сиромаштија и социјална исклученост да имаат можност да присуствуваат на театарски претстави. Соработката со овие две институции продолжува и понатаму во обезбедување на насмевка и среќа за сиромашните и социјално исклучените лица, за тие што сакаат да уживаат, а реално немаа можност “*

**Сашко Јованов**
*Македонската платформа против сиромаштија*

## VII. Го шириме кругот

Размислуваме за глобални проблеми и градиме соработки на регионално и меѓународно ниво. Со споделување се здобиваме со и ги шириме нашите искуства и знаење. Тоа го правиме преку мрежите на коишто сме носители и членки, но и со директни активности за размена.

### Студиска посета на Partners Albania

Во Македонија практиките во областа на општествената одговорност на претпријатија бележат прогрес. Во Албанија истите се на своите зачетоци и потребно е градење на капацитети. Информации за практичните искуства со цел дефинирање и поттикнување на конкретни иницијативи и проекти во оваа област се од корист за нашите соседи. Дополнително, регионалната размена на искуства и знаење за ООП го поттикнува на одржливиот развој.

*„ Everything was planned perfectly. The stakeholders (both state actors and companies) were very welcoming. The meetings were very informative and generated lots of ideas. “*

Дел од евалуативен прашалник на учесничка во студиската посета



Во рамки на проектот на албанската организацијата „Partners Albania“, Конект организираше студиска посета. Со албанските претставнички на засегнатите страни се споделија македонските искуства во контекст на ООП и се отворија можности за вмрежување и соработка помеѓу македонските и албанските засегнати страни. Деветте претставнички од Partners Albania и Министерството за економија на Р. Албанија се споделија искуства во врска со ООП со 16 претставници македонски институции, компании, граѓански организации и други засегнати страни.

Студиската посета се реализираше од 21 до 23 февруари 2013 со финансиска поддршка на Фондацијата Отворено општество Македонија.

### CSR Forum Belgrade

Во организација на Смарт Колектив од Србија и Форумот на бизнис лидерите, во Белград на 3ти декември се одржа четвртата конференција за општествена одговорност на претпријатија „ООП Форум“ . Учествуваа претставници на компании, државни институции, донаторски организации, граѓанскиот сектор. Се водеше дискусија за можни мерки кои ќе го поттикнат активно вклучување на бизнис секторот во решавање на општествените проблеми. Се споделија искуства од различни земји и се разгледуваше можноста за нивна примена и адапрација.

За ефективна филантропија неопходно е партнерство меѓу јавниот, граѓанскиот и бизнис секторот. Вклучувањето на граѓаните како индивидуалци во филантропски акции е повеќе од полезно, но од особена важност е во овој контекст да се воспостават механизми за транспарентно и ефикасно прибирање средства. Ова беа заклучоците на панел дискусијата за иновативна корпоративна филантропија на којашто учествуваше претставник на Конект.




## VIII. Глобален договор на Обединетите нации

Глобалниот договор на обединетите нации е најголемата светска иницијатива за општествена одговорност на претпријатија. Околу десетте принципи на оваа иницијатива поврзани се над 12.000 доброволни учесници од 145 земји во светот. Конект е секретаријат на Македонската мрежа на глобалниот договор на Обединетите нации.

### Известување за вклученост

Согласно новите политики за известување на Глобалниот договор на обединетите нации почнувајќи од октомври 2013 членките кои не припаѓаат на бизнис секторот имаат обврска да поднесат Известување за вклученост. Во рамки на својот извештај за 2013 Конект известува за својата вклученост во иницијативата и за поддршката на принципите на Глобалниот договор.

Global Compact Network
Macedonia
WE SUPPORT

*„Мисијата на Конект е тесно сврзана со имплементацијата на десетте принципи на Глобалниот договор на Обединетите нации во областа на: човековите права,трудот, животна средина и борба против корупцијата. Во Конект со секој работен ден ја изразуваме континуираната поддршка, заложба, но и реална практика за зацврстување и примена на овие принципи.*

*Дел од идентитетот на Конект стана тоа што е Секретаријат на македонската мрежа на глобалниот договор. Нѝ претставува чест што ги координираме активностите на Мрежата и активно придонесуваме за нејзиниот развој.“*

**Никица Кусиникова**
*Извршна директорка на Конект*
*Контакт лице на Македонската мрежа на ГД*

**<u>Вклученост во Глобалниот договор на обединетите нации и негова промоција</u>**

Како секретаријат на Македонската мрежа на глобалниот договор претставуваме контакт центар за членките; поттикнувач на активности и промотор на нејзините принципи. Надоврзувајќи се на искуството од 2012 и во 2013 продолживме да го уредуваме Електронскиот билтен на Мрежата што го дистрибуираме до пошироката бизнис заедница. Во 2013 излегоа 3 броја.


Global Compact Network Macedonia
Македонска мрежа на глобалниот договор
ВО ЧЕКОР СО СВЕТСКИТЕ ЗБИДНУВАЊА
КОНФЕРЕНЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА МРЕЖА НА ГЛОБАЛНИОТ ДОГОВОР


Global Compact Network Macedonia
Македонска мрежа на глобалниот договор
МАКЕДОНСКАТА МРЕЖА ЌЕ БИДЕ ДОМАЌИН НА ЕВРОПСКИТЕ МРЕЖИ ВО 2014
СРЕДБА НА ЕВРОПСКИТЕ МРЕЖИ НА ГЛОБАЛНИОТ ДОГОВОР


Global Compact Network Macedonia
Македонска мрежа на глобалниот договор
ДОЛГОРОЧНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ ИМПЕРАТИВ НА ООП
ЗА XI-ОТ ГОДИШЕН ФОРУМ НА ЛОКАЛНИТЕ МРЕЖИ НА ГЛОБАЛНИОТ ДОГОВОР
10те принципи на Глобалниот договор

**<u>Вклучување на бизнис заедницата во активности поврзани со ООП и Глобалниот договор</u>**

Ги поттикнуваме членките да обмислуваат заеднички проекти и активности. Во 2013 за време на 3 состаноци организиравме дискусија за конкретни иницијативи. Конект поднесе конкретен предлог до Советодавниот одбор на мрежата на 25.03.2013.

Го иницираме формирањето на 2 работни групи во рамки на Мрежата кои обмислија заеднички активности во областа на соработката со образовните институции и промоцијата на ООП и десетте принципи на ГД.

Конект континуирано ги вклучува членките на Глобалниот договор на ОН и пошироката бизнис заедница во своите активности. Нашата иницијативи за измени за ЗДСЈД што е директно поврзана со оеснувањето на процесите на корпоративна филантропија и ООП (*погледнете го делот III од овој извештај*) беа поддржани од бизнис заедницата како релевантна засегната страна. Вклученоста на сите засегнати страни во процесот на измени на законот за нас претставуваше врвен приоритет.

Како Секретаријат на Мрежата на 07.09.2013 организиравме неформална средба на членките на мрежата за време на која учесниците разменија искуства во врска со имплементацијата на принципите на Глобалниот договор, системот на известување и начините на обмислување на практиките.

**<u>Обезбедување на коментари на Известувања за напредокот</u>**

Редовно стоиме на располагање на членството за коментари и совети во врска со известувањето. Во 2013 обезбедивме поддршка во пишувањето на 5 извештаи. Редовно потсетуваме во врска со крајните рокови и ја нудиме нашата поддршка за обновување на членството во иницијативата. Еден од електронските билтени на мрежата беше посветен на пишувањето на Известување на напредокот.

**<u>Учество на настани на Глобалниот договор</u>**

Датум: 24- 26 април 2013
Настан: XI Annual Local Network Forum
Место: Женева
Белешка: Контакт лицето на Македонската мрежа на ГД, г-а Никица Кусиникова е одбрана за заменик член на Советодавната група за Источна Европа

Датум: 22 ноември 2013
Настан: Global Compact Local Networks Regional Meeting - Europe Convened
Место: Мадрид
Белешка: Беше одлучено Македонската мрежа на глобалниот договор да биде домаќин на следната средба на европските мрежи во 2014.

Датум: 2 – 4 декември 2013
Настан: 2013 United Nations Forum on Business and Human Rights
Место: Женева
Белешка: Македонската мрежа беше претставувана од Секретаријатот